# Состојба и перспективи на наставата по физика дизајнирана според преземени и адаптирани наставни програми

Боце Митревски

*Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Природно-математички факултет, Скопје, Република Македонија*

**Апстракт.** Во трудот е напреавена анализа на сегашната состојба со наставата по физика после преземање на програмите од Меѓународниот центар за испити на Кембриџ. Детектирани се суштински недостатоци во самата програма. Истовремено се укажува на потенцијално позитивни придвижувања во одредени насоки, а за кои се потребни соодветни ресурси и проактивен пристап на наставниците. Сериозен проблем во дадената ситуација претставува големиот расчекор меѓу програмите по физика во основното и средното образование. Перспективите се во изработка на соодветни наставни програми наменети за македонскиот образовен систем со користење на позитивни искуства од други земји и прифаќање на современите трендови во образованието по природни науки.

**Кључне речи:** наставна програма, Кембриџ, состојба, перспетктиви.